# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ПРАКТИКУМ ПО ПРЕДМЕТОТ ДОГОВОРНО ПРАВО“ ОД ДОЦ. Д-Р БОРКА ТУШЕВСКА-ГАВРИЛОВИЌ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката број 1102-129/46 од 16.6.2016 година, Наставно-научниот совет на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на својата редовна седница одржана на 14.6.2016 година, донесе Одлука за избор на Рецензентска комисија во состав:

- д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
- д-р Неда Здравева, доцент на Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „ПРАКТИКУМ ПО ПРЕДМЕТОТ ДОГОВОРНО ПРАВО“ од доцент д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ, наменет за студентите на прв циклус правни студии во рамки на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Комисијата во горенаведениот состав, со внимание го прегледа ракописот и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при УГД му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

До Рецензентската комисија е доставен ракопис со наслов „Практикум по предметот Договорно право“ наменет за реализирање на вежбите по предметот Договорно право, како еден сегмент на наставниот курикулим предвиден во рамки на планот и програмата по предметот Договорно право.

**Општи податоци за ракописот**

Ракописот именуван како „Практикум по предметот Договорно право“ е наменет за изведување на вежбите по предметот Договорно право, како задолжителен предмет со фонд на часови 2+2+1 и 6 ЕКТС. Предметот е предвиден во студиската програма Правни студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Содржината и обемот на практикумот се структурирани согласно со потребите на наставниот курикулим по предметот Договорно право и се во функција на полесно совладување на практичните аспекти на материјата содржани во скриптата и наставниот план и програма по предметот Договорно право. Вежбите содржани во практикумот претставуваат надградба на теоријата и практиката содржана во скриптата по предметот Договорно право.

**Податоци за обемот на ракописот**

Практикумот по предметот Договорно право содржи 105 страници компјутерски напишан текст, напишан во А4 формат, со фонт на букви Arial и големина на фонт 12. Во практикумот се содржани обрасци на договори за секој поединечен договор што е предмет на теоретска обработка во скриптата по предметот Договорно право. За секој посебен тип на договор во рамки на практикумот се содржани прашања кои се однесуваат на анализата на поединечните договорни клаузули во кои авторката скицирала полноважно правни или неполноважни одредби, со задача за студентите да ги анализираат и коригираат одредбите кои се спротивни на Уставот, законот и добрите обичаи.

По секоја вежба во практикумот се содржани и прашања кои се однесуваат на правната природа, основните карактеристики и специфики на секој поединечен договор. Посебна вредност на овие вежби им дава нивната координираност со теоретските прашања. На овој

начин авторката успеала да им стави на располагање на студентите теоретска обработка и практична обработка на материјата по предметот Договорно право, со поука двата материјали да се проучуваат истовремено при совладувањето на материјата.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

„Практикум по предметот Договорно право“ е напишан на оригинален начин, согласно со потребите на наставната програма. Во Република Македонија постојат изданија кои содржат обрасци на договори, во кои не се содржани пресуди и анализи од областа на договорното право. „Практикум по предметот Договорно право“ паралелно со обрасците на договорите содржи пресуди од областа на секој поединечен договор што е предмет на анализа и проучување во скриптата и воопшто во наставниот курикулум по предметот Договорно право.

Пресудите наведени во практикумот авторката ги избирала водејќи сметка за проблематиката што студентите ја изучуваат по предметот Договорно право. За таа цел, авторката пристапила кон скицирање на повеќе вежби на договори и пресуди од областите на секој поединечен договор.

**Краток опис на содржината**

Содржината на практикумот е структурирана согласно со предметната материја. Вежбите обработени во практикумот се скицирани во рамки на 12 методски единици паралелно со наставните единици содржани во скриптата.

Вежба 1 се однесува на договорот за продажба, каде што авторката покрај образецот предвидела и соодветни пресуди во кои се анализирани правата и обврските на договорните страни, концептот на материјалните и правни недостатоци на стварите што се предмет на продажба, и посебните видови на договори за продажба.

Во вежба 2 авторката се фокусирала на договорот за заем обработен преку образец во кои се предвидени правата и обврските на заемодавачот и заемопримачот како страни на договорот. По образецот на договорот на заем авторката по истиот концепт поставила прашања кои се однесуваат на поимот и основните карактеристики на договорот за заем, права и обврските, одговорноста на заемодавачот и заемопримачот за сопствените обврски, основните за престанок на договорот за заем. Во функција на потемелно и практично совладување на институтот, авторката го елаборирала образложението на пресуда која се однесува на договорот за заем.

Во вежба 3 се анализирани одредбите на договорот за послуга низ призмата на образец во кои се содржани правата и обврските на послугодавачот и послугопримачот. Преку анализа на одредбите содржани во договорот за послуга, студентите ги проучуваат прашањата за материјалните и правните недостатоци на предметот даден во послуга. Во корелација со одредбите од образецот и поставените прашања по договорот, авторката цитира пресуда којашто се однесува на договорот за послуга, каде што низ образложението на пресудата се гледа практичната имплементација на сите решенијата содржани во Законот за облигациони односи.

Во вежба 4, авторката скицирала образец на договор за налог уредувајќи ги правата и обврските на налогодавачот и налогопримачот. Соодветни прашања од материјата што се однесува на налогот од Законот за облигациони односи, авторката предвидува и во овој сегмент. Во прилог на објаснувањето на правата и обврските и со цел да се разграничи налогот од делото авторката цитира соодветна пресуда преку која студентите ги согледуваат спецификите на овие два одделени институти, што е уште побитно перцепцијата на судовите низ призмата на даденото образложение.

Вежба 5 од „Практикум по предметот Договорно право“ се однесува на изучувањето на договорот за закуп. Во овој сегмент авторката предвидела повеќе прашања што претставуваа работна задача за студентите. Преку одговорите на овие прашања, студентите стекнуваат знаења и тоа како теоретски така и практични. И во овој сегмент договорот за закуп, односно образецот на договорот за закуп и цитираната пресуда е во функција на полесно изведување на вежбата што го разграничува закупот од другите институти истовремено ги дополнува теоретски стекнатите знаења на студентите.

Вежба 6 од практикумот се однесува на ортаклакот како правна основа за здружување на средства. Во овој сегмент авторката предвидела само неколку одредби, оставајќи студентите само да проценат кои од наведените одредби се во согласност со Законот за облигациони односи, а кои се спротивни односно ништовни. На овој начин авторката предвидела преку методологија на самостојно лоцирање на правата и обврските да ги изучат основните на ортаклакот истовремено да го доведат во врска со другите форми на здружување од граѓанско-правен и комерцијален карактер.

Во вежба 7 авторката водела сметка за систематиката на оваа материја и преку посебен образец ги скицирала правата и обврските на нарачувачот на делото и изведувачот на делото. Во прашањата поставени во секој од обрасците во практикумот, авторката ја акцентирала потребата да се разграничат одделните институти или да се согледаат сличностите.

Во вежба 8 авторката го обработува договорот за дар преку скицирање на правата и обврските на дарувачот и даропримачот. За темелно проучување на овој договор авторката поставила прашања кои се однесуваат на договорот за дар со товар и налог и цитирала соодветна пресуда од чие образложение на Судот студентите ја согледуваат практичната имплементација на законските решенија содржани во Законот за облигациони односи.

Во вежба 9 е содржан образец на договорот за организирање на патување. Во поглед на овој договор авторката поставила неколку прашања на кои студентите треба да договорат истовремено да ги анализираат одредбите содржани во договорот и да ја утврдат нивната полноважност или неполноважност со одредбите од Законот за облигациони односи.

Во вежба 10 е скициран образец на договор за осигурување на лица, прашања од осигурување и соодветна пресуда.

Вежба 11 се однесува на гаранцијата и банкарската гаранција како облигациони средства за обезбедување на побарувањето.

Во вежба 12 е скициран договор за порамнување, поставени се соодветни прашања со акцент на порамнувањето и новацијата како начин на престанок на облигацијата. Во поглед на порамнувањето авторката ја цитирала пресуда што се однесува на вонсудското порамнување преку којашто студентите темелно и системски ги разграничуваат спецификите на вонсудското порамнување.

Секоја од предвидените вежби кореспондира со материјалот содржан во скриптата по предметот Договорно прави и е во целосна комплементарност со наставните содржини на наставниот план и програма по предметот Договорно право.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

При прегледувањето на содржината на „Практикум по предметот Договорно право“ и неговиот концепт на изработка, заклучивме дека поставената цел на авторката е реализирана. Материјата содржана во практикумот и концептот по којшто истиот е изработен во целост кореспондира со потребите на студентите при изучување на проблематиката на договорното право.

При изработувањето на практикумот, авторката направила успешен спој на теоријата и практиката како два посебни сегменти на полето на договорното право. При изработка на обрасците на договорите, авторката посебно внимание посветила на одредбите во договорите, предвидувајќи решенија кои ги рефлектираат специфичните законски решенија содржани во Законот за облигациони односи. Авторката со големо внимание и прецизност ги селектирала пресудите кои се предмет на анализа. Во делот на пресудите за забележување е можноста на студентите да стекнат знаења кои имаат допир со други повеќе или помалку сродни дисциплини. Преку анализа на образложенијата на пресудите студентите имаат можност да стекнат знаења за законски решенија кои се содржани во други закони, надвор од Законот за облигационите односи. Преку овој пристап на совладување на материјата, студентите ќе стекнат пошироко знаења од областа на приватното право.

Ценејќи ги содржината, структурата и динамиката со која се изучуваат поединечните договори, резимираме дека овој практикум ја наоѓа својата оправданост како надградба на теоретскиот материја и во голема мерка ќе придонесе студентите да стекнат едно заокружено знаење од областа на договорното право.

Земајќи го предвид горенаведеното, со големо задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – во Штип да ја усвои рецензијата на ракописот со наслов „Практикум по предметот Договорно право“ и да го одобри неговото издавање во форма на електронски практикум во е-библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, с.р.**
**Доц. д-р Неда Здравева, с.р.**